# Реализирана интеркултурна размена во Швајцарија

Во периодот 23.04-07.05 2018 година, 8 ученици од СОУ ,,Гимназија Гоце Делчев" и професорката Славица Грујоска-Митиќ како супервизор учествуваа на интеркултурна размена во Швајцарија во Детското село Песталоци. На размената учениците беа со уште 4 градови од Македонија - Прилер, Охрид, Струга и Гостивар, а во Детското село имаа заеднички работилници и размена со децата од Молдавија и нивните супервизори.

Учениците беа сместени во две куќи за кои имаа задача да одржуваат хигиена и да се грижат за просториите во кои престојуваат за време на размената. Имаа голем број активности во текот на денот. Два пати дневно посетуваа неформална настава исполнета со работилници за антидискриминација, меѓусебно разбирање и комуникација, стереотипи и запознавање со правата на децата, што и беше цел на оваа размена. Во вечерните часови имаа слободно време кое го поминуваа во Младинскиот клуб или во Спортската сала. Имаа можност да учествуваат во правење на своја радио емисија со дискутирање на одредени теми. За време на викендите ги посетија градовите Сент Гален, Цирих и Луцерн, природно научниот музеј ,,Технорама", Водопадите на река Рајна и посета на врвот Сантис на Алпите.

Во текот на престојот имаа презентации подготвени од децата од сите градови за претставување на своите училишта. Презентациите беа проследени со фолклорни изведби, музички и сценски настапи и презентација на македонска традиционална храна.

Учениците со оваа размена се стекнаа со драгоцени искуства и голем број спомени и сеќавања.





